# ИНГУНИТ Т

*Адитив за прскан бетон, алкален забрзувач на врзувањето*

*Одговара на: EN 934-5*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За подготовка на прскан-торкрет бетон наменет за апликација по мокра постапка при изведба на примарната подграда во тунелоградбата, стабилизација на косини, рударски окна.
За подготовка на прскани репаратурни малтери наменети за санација на бетонски елементи со неправилна форма, големи вертикални површини, куполи, сводови.
Со внимателно дозирање може да се користи и како адитив за контролирано забрзување на врзувањето кај класичните бетони, најчесто при производство на префабрикувани бетонски елементи.

## СВОЈСТВА

- Интензивно забрзување на врзувањето кај бетони и малтери;
- Постигнување на рани јакосни карактеристики;
- Ја подобрува лепливоста на бетонската и малтерската смеса;
- Овозможува машинско вградување на вертикални, коси и тавански површини;
- Го намалува одбивањето - отпадот на материјалот при прскањето;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | Визуелно | Безбојна до светло кафена транспарентна течност |
| Волуменска маса (на 20˚C) | ISO 758 | (1.49±0.03) g/cm³ |
| pH вредност (на 20˚C) | ISO 4316 | 13±1 |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | ≤0,1% |
| Содржина на алкалии | EN 480-12 | ≤25,0% |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

За производство на прскан бетон, ИНГУНИТ Т вообичаено се дозира 2 до 6% тежински, во однос на масата на цементот. Процентот на дозирање зависи од времето на врзување кое треба да се постигне, од конзистенцијата на бетонот, од видот и количината на цементот, од температурните услови, од категоријата на подлогата, наклонот и др. Ако се користи за производство на прскан бетон при бетонирање на примарната облога во тунелоградбата, дозирањето при бетонирање на калотата вообичаено изнесува 4%, додека во делот на золната може да се дозира помалку. ИНГУНИТ Т се додава автоматски, со автоматска дозерка на излезниот дел од цревото со кое се врши торкретирање (прскање).
При употреба како забрзувач во класични бетони, ИНГУНИТ Т се додава во дозирање од 1% непосредно пред вградувањето, директно во готовиот бетон, брзо се меша и вградува, бидејќи постои опасност да дојде до брзо врзување. Притоа не треба да се употребува пумпа за бетон.
Пред употреба потребно е да се направи проба за дефинирање на дозирањето во корелација со времето на врзување, во реални температурни услови и со користење на реалната опрема за вградување.
**Ефекти од предозирање**: Превисокото дозирање на ИНГУНИТ Т предизвикува прерано врзување на бетонот, како и намалување на крајните јакосни карактеристики на бетонот. При користење на



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

ИНГУНИТ Т кај класични бетони, врзувањето на бетонот може да се случи во миксерот или пумпата за бетон, што пак може да доведе до оштетување на опремата.

**Мерки за претпазливост**: Поради алкалната природа на ИНГУНИТ Т, истиот може да предизвика здравствени повреди при неправилно ракување. Од тие причини, при работа со ИНГУНИТ Т неопходно е користење на лична заштитна опрема (заштитни очила, ракавици, маска), како и придржување кон мерките за заштита наведени во Безбедносниот лист на производот.

## КОМПАТИБИЛНОСТ

ИНГУНИТ Т е компатибилен со повеќе адитиви од програмата на АДИНГ. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат претходни проби. Различните адитиви се дозираат посебно односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина. ИНГУНИТ Т е употреблив со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти: 7 и 28 kg
Контејнери: 1500 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.

АДИТИВИ ЗА БЕТОН И ЦЕМЕНТ



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје,Северна Македонија
14

GAGA001/6

EN 934-5:2007
**ИНГУНИТ Т**
Адитив за прскан бетон, алкален забрзувач на врзувањето
EN 934-5:T2

| | |
|---|---|
| Содржина на хлор јони | **≤ 0,1% по маса** |
| Содржина на алкалии | **≤ 25,0% по маса** |
| Корозивно делување | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008, Анекс А.1** |

Опасност по здравјето: При работа со Ингунит Т задолжително е користење на заштитни гумени ракавици, респираторна маска, како и заштитни очила. Просторот каде се вградува прсканиот бетон со додаток на Ингунит Т потребно е да биде добро вентилиран.Во случај на допир со кожа потребно е обилно испирање со чиста проточна вода. При прскање во очи веднаш обилно се испираат со чиста проточна вода и се бара итна медицинска помош. Доколку се проголта потребно е веднаш да се испие што поголемо количество вода или млеко и да се побара итна медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Ингунит Т е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Остатоци од Ингунит Т се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk